**Одлука бр.11**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## определување на висината на надоместокот за тренери кои водат репрезентации на меѓународни турнири во 2026 година, за тренери кои работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови

### Член 1

Тренерите кои ќе ги водат репрезентациите на меѓународните турнири во 2026 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| ТУРНИРИ | Тренер Ниво 1 | Тренер Ниво 2 | Тренер Ниво 3 |
|---|---|---|---|
| | EUR | EUR | EUR |
| - ITF/TE Development Championship до 14 г. (Источно Европско)<br>- ITF/Tennis Europe Training Camp до 12 г. (Тренинг Камп до 12 години)<br>- Европско 14, 16 и 18 год.<br>- ITF/TE Тренинг кампови<br>- Балканијада<br>- Сите останати репрезентативни настапи освен Davis Cup и Billie Jean King Cup – Fed Cup | 45 | 55 | 65 |
| Davis Cup и Billie Jean King Cup – Fed Cup капитен | 100 | | |
| Davis Cup и Billie Jean King Cup – Fed Cup асистент на капитен | 60 | | |

### Член 2

Тениските и кондиционите тренери кои ќе работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови во 2026 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| Настани | Надомест за тренер или кондиционен тренер |
|---|---|
| | EUR |
| Тренинг кампови за подготовка на јуниорски репрезентативни настапи (надомест за главен тренер за 4 саати тренинг) | 50 |
| Тренинг кампови за подготовка пред јуниорски репрезентативни настапи (надомест за асистент тренер за 4 саати тренинг) | 40 |
| Тренинг кампови за подготовка пред Davis Cup и Billie Jean King Cup – Fed Cup (надомест за капитен за 4 саати тренинг) | 65 |
| Тренинг кампови за подготовка пред Davis Cup и Billie Jean King Cup – Fed Cup (надомест за асистент каптен за 4 саати тренинг) | 50 |
| Континуиран тренажен процес на репрезентативци | 25 |
| Кондиционен тренер | 25 |

**Член 3**

Сите горенаведени суми (во денарска противредност), се нето исплати што треба да се исплатат кон тренерите. ТФСМ на нето износот е должен да исплати песонален данок за настаните кои не се од репрезентативен карактер.

**Член 4**

За тренерите кои водат репрезентации, ТФСМ е должна да обезбеди: Превоз до местото на одржување на турнирот и локално клуб-хотел-клуб, храна, сместување и финансиска надокнада на евентуална промена на карта за порано или покасно враќање.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година

Тениска Федерација на Северна Македонија *Скопје* 1